# Триумфална порта

Римска градба која претставува споменик на римски војсководци победоносци или на значајни јавни настани како што се основање на нови колонии, изградба на патишта или мостови, смрт на некој член од владетелско семејство или востоличување на нов римски владетел.




Портата е составена од залачени отворени порти, рефлејни украси, скулптури, пиластри (припоени столбови) и плочник на кој е врежен латински текст со посвета на споменичната градба.

Лакот (сводот) ја симболизира обновата, премин од стар во нов живот, па според тоа, триумфалната порта е претежно симболика на минатите битки и освојувањата на нови територии, а воедно и на римската државна моќ и слава.

# Аквадукт




Римска градба која претставува надземен надолжен систем за пренос и дотур на слатка вода од река или езерски базен до градска населба или село за наводнување на земјиштето како и за одвод на канализациска и отпадна вода.

Во градската населба водата се дотурала за римските приватни куќи (домуси), јавните бањи (терми) и за фонтаните.

Аквадуктите ги граделе од камен, тули и посебен вулкански цемент.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски